# ПРИЛОГ 3.В:
# ОПИС НА УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА

Содржина

ПРИЛОГ 3.В-1: ........ 2

УСЛУГА ЗА ПРИСТАП НА ИТЕН ПОВИК ........ 2

1. Краток опис на услугата ........ 2
2. Услови за користење на Услугата ........ 2
3. Рутирање ........ 3
4. Надоместоци, Фактурирање ........ 3
5. Параметри за квалитет ........ 3
6. Предвидување ........ 4
7. Одговорност ........ 4
8. Ограничувања при користењето на Услугата ........ 5

ПРИЛОГ 3.В-2: ........ 6

УСЛУГА ЗА ПРИСТАП ДО СЛУЖБАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ ........ 6

1. Краток опис на Услугата ........ 6
2. Услови за користење на Услугата ........ 6
3. Рутирање ........ 7
4. Надоместоци, Фактурирање ........ 7
5. Параметри за квалитет ........ 7
6. Предвидување ........ 8
7. Одговорност ........ 8
8. Ограничувања при користење на Услугата ........ 8

# ПРИЛОГ 3.В-1:
# УСЛУГА ЗА ПРИСТАП НА ИТЕН ПОВИК

## 1. Краток опис на услугата

### Услуга За Пристап На Итен Повик

Услугата За Пристап На Итен Повик значи пренасочување на Повикот до станицата на службата за итни повици поврзана на Мрежата на Македонски Телеком АД добиен од Мрежата на Партнерот на:

- Регионална Интерконекциска Точка На Македонски Телеком АД со одредиште кое се наоѓа во истата Регионална Зона На Македонски Телеком АД или Национална Интерконекциска Точка во ПСТН базирана интерконекција ; или




- Национална Интерконекциска Точка На Македонски Телеком АД во ИП базирана интерконекција.




## 2. Услови за користење на Услугата

2.1 Услугата За Пристап На Итен Повик може да ја користи Партнерот кој користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

2.2 Услугите За Пристап На Итен Повик се достапни на единствениот европски број за итни повици (112) и други броеви за Повици до различни служби за итни услуги (192 – Полиција; 193 – Противпожарна служба; 194 – Брза помош; 195 – Центар за известување и тревожење).

2.3 Услугата За Пристап На Итен Повик може да се користи само за обезбедување на итни услуги.

2.4 Партнерот мора да го пренесе бројот на службата за итни повици (Број ‘Б’) споен со рутирачкиот код на службата за итни повици во согласност со Прилог 2.Г (Рутирачки Броеви на Станици на Службата за Итни Повици) кои се однесуваат на локацијата на оригинирањето на Повикот во формат [стандардизирани специјални броеви + рутирачки кодови на службата за итни повици].

2.5 Услугата За Пристап На Итен Повик може да се користи кога е воспоставена говорна врска помеѓу Интерконекциската Точка и станицата на службата за итни повици.

2.6 Во текот на користењето на Услугата За Пристап На Итен Повик сигналите помеѓу Мрежите на Страните се сигнали според Системот За Сигнализација.

2.7 Кога Повиците насочени до Услуга За Пристап На Итен Повик се предадени до Мрежата на Македонски Телеком АД, Партнерот мора во секој случај да го пренесе Бројот ‘А’ на повикувачкиот Претплатник и да прифати дека – без разлика на изјавата дадена од страна на повикувачката страна – Бројот ‘А’ ќе биде претставен во секој случај кај станицата на службата за итни повици.

## 3. Рутирање

Повиците со одредиште до Услугата За Пристап На Итни Повици мора да бидат предадени од страна на Партнерот на Регионалната Интерконекциска Точка која се наоѓа во истата Регионална Зона од каде оригинира Повикот или Национална Интерконекциска Точка за ПСТН базирана интерконекција или на Национална Интерконекциска точка за ИП базирана интерконекција. Повиците се терминирани од страна на Македонски Телеком АД во станицата на службата за итни повици назначена врз основа на оригинирањето на Повикот.

## 4. Надоместоци, Фактурирање

4.1 Услугата За Пристап На Итен Повик дефинирана во овој Прилог ја обезбедува Македонски Телеком АД, а ја користи Партнерот.

4.2 Македонски Телеком АД наплаќа Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) по минута пропорционално со Времетраењето На Повикот за користење на Услугата За Пристап На Итен Повик која ја користи Партнерот.

4.3 Партнерот плаќа за користењето на Услугата За Пристап На Итен Повик Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) по фактура издадена од Македонски Телеком АД.

4.4 Во однос на пораките за сигнализација потребни за обезбедување на Услуги За Пристап На Итен Повик, Тарифата За Користење ја вклучува наплатата применлива за преносот на таквите сигнализациски пораки. Ова значи дека сигнализациските пораки кои бараат STP (Signaling Transfer Point) функција не се вклучени во Тарифата За Користење. Сигнализациските пораки кои се однесуваат на STP (Signaling Transfer Point) функцијата ќе бидат предмет на посебен комерцијален договор.

## 5. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| Параметар за квалитет | Стандардно ниво |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br><br>а) доколку од Страната Барател е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br><br>б) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br><br>1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | 24 часа |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 6. Предвидување

6.1 Секој квартал Партнерот мора да поднесе до Македонски Телеком АД Тековно Предвидување за следната 1 (една) година.

6.2 Партнерот мора да го наведе во Формуларот За Барање За Услуги За Сообраќај нарачувањето или откажувањето на Услугата За Пристап На Итен Повик.

6.3 Содржината и процедурата на Предвидувањето се регулирирани во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови).

## 7. Одговорност

7.1 Македонски Телеком АД е одговорен за обезбедување на Услуга За Пристап На Итен Повик од Интерконекциската Точка до станицата на службата за итни повици.

7.2 Одговорноста на Партнерот во случај на обезбедување на услуги преку користење на Услугата За Пристап На Итен Повик се протега од Претплатничката Пристапна Точка од каде оригинира Повикот до Интерконекциската Точка.

7.3 Во однос на услугата обезбедена од страна на Партнерот со посредство на Услугата За Пристап На Итен Повик, Партнерот има целосна одговорност за Повиците од крај до крај.

7.4 Партнерот ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат неговата услуга.

7.5 Страните нема да обезбедат една на друга пристап до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.

7.6 Доколку Бројот 'А' е обезбеден од терминалната опрема на Претплатникот, Партнерот мора да ја провери точноста на Бројот 'А'. Доколку се утврди дека Бројот 'А' е неточен, Партнерот мора да го замени со контролниот број (кој ја идентификува Претплатничката Пристапна Точка во случај на доделување на една или повеќе нумерациски серии на таа Претплатничка Пристапна Точка) доделен на одреден пристап. По барање на станицата на службата за итни повици која го прима дадениот Итен Повик, Партнерот мора да обезбеди податоци за Претплатникот (име и адреса на повикувачката страна) поврзани со дадениот Број 'А'. Македонски Телеком АД нема да превземе одговорност за точноста на податоците, Партнерот секогаш ќе биде одговорен за тоа.

## 8. Ограничувања при користењето на Услугата

8.1 Повиците со одредиште до Услугата За Пристап На Итен Повик може да оригинираат исклучиво од Претплатничка Пристапна Точка во Македонија.

8.2 Партнерот може да пренасочува само Повици кои се оригинирани од неговата сопствена Мрежа до Мрежата на Македонски Телеком АД со одредиште до Услугата За Пристап На Итен Повик.

8.3 Услугата За Пристап На Итен Повик не може да се користи од Точките На Присуство На Македонски Телеком АД кои функционираат исклучиво како Локални Точки На Присуство На Македонски Телеком АД.

# ПРИЛОГ 3.В-2: УСЛУГА ЗА ПРИСТАП ДО СЛУЖБАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ

## 1. Краток опис на Услугата

### Услуга За Пристап До Службата За Информации

Со Услуга За Пристап До Службата За Информации Повиците добиени од Мрежата на Партнерот на Регионална или Национална Интерконекциска Точка за ПСТН базирана интерконекција и Национална Интерконекциска точка за ИП базирана интерконекција на Македонски ТелекомАД во врска со телефонските броеви на одредени Претплатници на Фиксен Телефонски Мрежен Оператор или Мобилен Радио Телефонски Мрежен Оператор се пренасочени од страна на Македонски ТелекомАД до центарот на службата за информации и Македонски Телеком АД ја обезбедува услугата од службата за информации.




## 2. Услови за користење на Услугата

**2.1** Услугата За Пристап До Службата За Информации може да ја користи Партнерот кој користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.2** Услугата За Пристап До Службата За Информации е достапна на телефонскиот број ‘188’.

**2.3** Услугата За Пристап До Службата За Информации може да се користи за обезбедување на услуги од службата за информации во врска со телефонските броеви на одредени Претплатници на Фиксен Телефонски Мрежен Оператор или Мобилен Радио Телефонски Мрежен Оператор.

**2.4** Услугата За Пристап До Службата За Информации може да се користи кога е воспоставена говорна врска помеѓу Интерконекциската Точка и услугата од службата за информации.

**2.5** Во текот на користењето на Услугата За Пристап До Службата За Информации сигналите помеѓу Мрежите на Страните се сигнали според Системот За Сигнализација.

**2.6** Преку користењето на Услугата За Пристап До Службата За Информации Македонски Телеком АД обезбедува информации во врска со телефонските броеви на еден Претплатник на Фиксен Телефонски Мрежен Оператор или Мобилен Радио Телефонски Мрежен Оператор.

## 3. Рутирање

Повиците со одредиште до Услугата За Пристап До Службата За Информации мора да бидат предадени од страна на Партнерот на Регионалната или Национална Интерконекциска Точка за ПСТН базирана интерконекција и Национална Интерконекциска точка за ИП базирана интерконекција. Доколку Партнерот има Регионална Интерконекција со Македонски Телеком АД во Регионалната Зона Скопје, сообраќајот со одредиште кон Услугата За Пристап До Службата За Информации мора да биде предаден од страна на Партнерот на Регионалната Интерконекциска Точка која се наоѓа во Скопје.

## 4. Надоместоци, Фактурирање

4.1 Услугата За Пристап До Службата За Информации дефинирана во овој Прилог ја обезбедува Македонски Телеком АД, а ја користи Партнерот.

4.2 Македонски Телеком АД наплаќа Надомест По Повик за користење на Услугата За Пристап До Службата За Информации од страна на Партнерот доколку говорната врска до службата за информации е успешно воспоставена.

4.3 Партнерот плаќа за користењето на Услугата За Пристап До Службата За Информации Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) – врз основа на бројот на Повици и Надоместот По Повик (Надомест За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации) – по фактура издадена од Македонски Телеком АД.

4.4 Во однос на сигнализациските пораки потребни за обезбедување на Услуга За Пристап До Службата За Информации, Надоместот За Услугата го вклучува надоместот применлив за преносот на таквите сигнализациски пораки. Ова значи дека сигнализациските пораки кои бараат STP (Signaling Transfer Point) функција не се вклучени во Тарифата За Користење. Сигнализациските пораки кои се однесуваат на STP (Signaling Transfer Point) функцијата ќе бидат предмет на посебен комерцијален договор.

## 5. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| Параметар за квалитет | Стандардно ниво |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br><br>a) доколку од Страната Барател е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br><br>- во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br><br>1 (еден) месец |

| | |
|---|---|
| Време На Отстранување На Грешка | 24 часа |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 6. Предвидување

6.1 Секој квартал Партнерот мора да поднесе до Македонски Телеком АД Тековно Предвидување за следната 1 (една) година.

6.2 Партнерот мора да го наведе во Формуларот За Барање За Услуги За Сообраќај нарачувањето или откажувањето на Услугата За Пристап До Службата За Информации.

6.3 Содржината и процедурата на Предвидување се регулирани во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови).

## 7. Одговорност

7.1 Македонски Телеком АД е одговорен за обезбедување на Услугата За Пристап До Службата За Информации од Интерконекциската Точка до центарот за услугата на службата за информации.

7.2 Одговорноста на Партнерот во случај на обезбедување на услуга преку користење на Услугата За Пристап До Службата За Информации се протега од Претплатничка Пристапна Точка од каде оригинира Повикот до Интерконекциската Точка.

7.3 Во однос на услугата обезбедена од страна на Партнерот со посредство на Услугата За Пристап До Службата За Информации, Партнерот има целосна одговорност за Повиците од крај до крај.

7.4 Партнерот ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат неговата услуга.

7.5 Страните нема да обезбедат една на друга пристап до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.

## 8. Ограничувања при користење на Услугата

8.1 Услугата За Пристап До Службата За Информации не може да се користи од Точките На Присуство На Македонски Телеком АД кои функционираат исклучиво како Локални Точки На Присуство На Македонски Телеком АД.

8.2 Партнерот може да пренасочува само Повици кои се оригинирани во неговата сопствена Мрежа кон Мрежата на Македонски Телеком АД со одредиште до Услугата За Пристап До Службата За Информации.